Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Арх.бр. 15-20М/3
Дата. 30-04-2020

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83//09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), а во врска со член 2 став 2, 3 и 4 од Правилникот за начинот на спроведување на прекугранични консултации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/10), Министерот за животна средина и просторно планирање на ден 30.04.2020 година, донесе;

**Одлука**

**за потребата од спроведување на прекугранични консултации за Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро" (2020-2030), Општина Ресен со Република Албанија и Република Грција**

1. За **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро" Општина Ресен** потребно е да се спроведат прекугранични консултации со Република Албанија и Република Грција.
2. Општина Ресен е должна да му достави на Министерството за животна средина и просторно планирање:

   а) Опис на **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро" општина Ресен**, и

   б) Нацрт -Извештај за стратегиската оцена на животната средина за **Планот за управување со спомеником на природата „Преспанско Езеро" општина Ресен**, во рок од 15 дена од денот на изготвувањето на овие документи на македонски и англиски јазик.
3. Министерството за животна средина и просторно планирање е должно преку Министерството за надворешни работи, документите од точка 2 на оваа одлука, заедно со поканата за учество во консултациите за **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро" општина Ресен**, да ги достави до Министерството за туризам и животна средина на Република Албанија и Министерство за животна средина и енергетика на Република Грција колку што е можно побрзо, но не подоцна од денот на објавувањето на информациите за сопствената јавност, со кој им укажува, во рок кој не може да биде пократок од два месеци од денот на доставувањето на документите, да ги достави мислењата и забелешките добиени од сопствената јавност.

4. Одлука за потребата од спроведување на прекугранични консултации за **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро“ општина Ресен** со Република Албанија и Република Грција се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.
5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб страната Министерството за животна средина и просторно планирање.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Милева Тагасовска
Одобрил: Неби Реџепи

*Образложение*

Општина Ресен со допис бр. 19-2461/1 од 02.12.2019 ни достави Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина за **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро“** општина Ресен, формулар за потребата од спроведување на стратегиска оцена на животната средина, мапа на опфатот и цели што треба дас е постигнат со реализирањето на документот.

По разгледување на доставените документи, Министерството за животна средина и просторно планирање утврди дека донесувањето на **Планот за управување со споменик на природата „Преспанско Езеро“ општина Ресен** при проценка на можните кумулативни влијанија треба да се земат во предвид сите активности кои се во склоп на Преспанското езеро од прекугранична природа почнувајќи од биодиверзитетот (општа загуба на биодиверзитетот, нарушување на екосистемот), почвата, водата, пејсажот, воздухот.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 10 од Законот за ратификација на Протоколот за стратегиска оценка на животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/13), член 70 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83//09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), и член 2 став 2, 3 и 4 од Правилникот за начинот на спроведување на прекугранични консултации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/10), се одлучи како во диспозитивона оваа одлука.